Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

# НАЦРТ СТРАТЕШКИ ПЛАН НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ЗА ПЕРИОД ОД 2023-2025 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| Дел. Бр. | 02-394/1 | м-р Јане Станкоски |
| Датум: | 30 .03.2023 година | в.д. Директор |
| Место: | Скопје (м.п.) | [потпис] |

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT · MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE · Inspektorati shtetëror për bujqësi · РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО · Државен инспекторат за земјоделство · СКОПЈЕ-SHKUP

*Вовед ........................................................................................................ 3*
*Задачи и обврски на Државниот инспекторат за земјоделство ........................................ 4*
*Специфичност на органот на државната управа ........................................................ 7*
*Структура на Државниот инспекторат за ........................................................................ 8*
*земјоделство ................................................................................................................ 8*
*Односи со органите во состав ........................................................................................ 12*
*Приоритети и цели ........................................................................................................ 12*
*Осврт на постигнати резултати во 2022година ............................................................ 25*
*Осврт на очекувани резултати до крајот на тековната година ................................... 29*
*Следење, оценување и известување за спроведување на стратешкиот план и Годишниот план за работа ........................................................................................ 41*
*Влијанија врз човечките ресурси .................................................................................. 42*
*Принципи на соодветна и правична застапеност ........................................................ 42*
*Принцип на еднакви можности на жените и мажите .................................................. 42*
*Развивање на заедничките функции ............................................................................ 42*

# Вовед

Стратешкиот план претставува основен, развоен акт на Државниот инспекторат за земјоделство (во понатамошниот текст ДИЗ), во кој се содржани програмите и активностите, преку кои се планираат остварувањата на стратешките приоритети и цели, а во функција на визијата и мисијата на Институцијата во наредниот тригодишен период.

Стратешкото планирање е демократски метод за создавање на визијата и на стратегии за да се достигне посакуваната иднина во работењето на Државниот инспекторат за земјоделство, за насочување на активностите и проектите за имплементација на стратегиите и за нивно претставување во форма на документ - стратешки план. Токму овој стратешки план презентира идеи поврзани со планирањето на Државниот инспекторат за земјоделство.

Стратешкиот план претставува основен концепт за развој на Државниот инспекторат за земјоделство, во кој се содржат проектите и активностите, преку кои се планира остварување на целите во наредниот тригодишен период.

Во стратешкиот план јасно се претставени насоките и целите на Државниот инспекторат за земјоделство за наредниот период а во чија основа се наоѓаат стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, односно ја прикажува усогласеноста со стратегијата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија за  успешна интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија..

Стратешкиот план за 2023, 2024 и 2025 година е креиран на таков начин да се поврзува меѓусебно со индивидуалните, конкретни планови на секторите во рамките на Државниот инспекторат за земјоделство. Истите ќе служат за управување и контрола на процесот на имплементација на севкупниот стратешки план на инспекторатот. Државниот инспекторат за земјоделство изработи План за работа на Државниот инспекторат за земјоделство 2023 година со која ќе се врши *мониторирање*, *водење* и *евалуација* на процесот на имплементацијата на стратешкиот план.

Стратешкиот план се темели на направената објективна функционална анализа со која е утврдена постојната состојба во која се наоѓа Државниот инспекторат за земјоделство, анализирано е внатрешното и надворешното влијание, социо-економската и политичка состојба во земјата.

Функционалната анализа се фокусира на административните капацитети, ги анализира целите, функциите, структурата, процедурите и човечките ресурси во Државниот инспекторат за

земјоделство, во понатамошниот текст ДИЗ. Како резултат на на анализата, извештајот ги наведува наодите и дава препораки во насока на подобрување на квалитетот на работењето на ДИЗ, со цел постигнување на целите на најдобар можен начин, зајакнување на ефикасноста и ефективноста на институцијата.

**Цел (Мисија)**

Мисијата на Државниот инспекторат за земјоделство е да врши организирани, ефикасни, ефективни, квалитетни, функционални инспекциски надзори од областа на земјоделството, руралниот развој, виното, семе и саден материјал, производи за заштита на растенијата, ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, рибарството и аквакултурата на територијата на Република Северна Македонија, стручно оспособување и усовршување на своите вработени, зајакнување на  владеењето на правото и организираниот криминал.

**Визија**

Визијата на Инспекторатот е зголемување на благосостојбата и подобрување на животниот стандард, и квалитет на животот на граѓаните развој и ревитализација на руралните средини во Република Северна Македонија, усовршување на владеењето на правото и намалување на организираниот криминал со што ќе се обезбеди побрз пристап во ЕУ.

# Задачи и обврски на Државниот инспекторат за земјоделство

*Инспекторатот*врши и инспекциски надзор согласно Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистриранадејност.

Инспекторатот во својатанадлежност е овластен да вршиинспекциски надзор преку контроли и прегледи на:

- ❖ земјоделскотоземјиште, земјоделскипосеви и насади;
- ❖ производство и промет на производи за заштитата на растенија;
- ❖ производство и промет на семенски и саденматеријал;
- ❖ производство и промет на ѓубриња;
- ❖ производство и промет на квалитет на храна за животни;
- ❖ евиденција на приплоден и друг добиток, преглед на земјоделскиотимот, на објекти и опрема при држење на добитокот, вршипреглед на исхраната, утврдуваземјоделска инфраструктура, врши надзор на држењето на пчели и пчеларскиред за испаша, водење на матични книги и обележувања, гоутврдуваисполнувањето на критериумите за производство, потекло на добитокот и надзор на прометот на добитокот и

приплодниотматеријал, како и надзор над работата на одобрените институции и одгледувалишта на пчелниматици;

- производство, промет и улов на риби;
- генетскимодифицираниорганизми;
- радионуклиди во храна за животни, растенија и семенскиматеријал;
- производство и промет на афион;
- производство и промет на органски производи;
- производство и промет на вино;
- производство и промет на тутун;
- производство и промет на цвеќе и декоративнирастенија;
- пасишта;
- правни и физички лица за добивање на финансискаподдршка во земјоделството;
- настанатиполскиштети;
- опремата и просториикадешто се вршипреработка и доработка на земјоделски производи;
- земјоделскамеханизација, техника и транспортни средства;
- процесите на преработка и доработка во сите фази, се до финалниотпроизвод;
- зонитечувствителни на нитрати и наводнување и одводнување;
- спроведување на препоракитеза добраземјоделскапракса;
- просториите за чување и одржување на земјоделските производи и
- деловнипростории, книги, исправи, материјали во електронска форма, документацијакоја се води и чува во електронскимедии, а на барање да се изработат во писмена форма која мора веродостојно да јапотврдуваелектронската форма, службенирегистри и другијавнибази на податоци и друга документацијапрекукоја се остваруваувид во извршувањето на законите и поблиските прописи.

Инспекторатот е овластен да врши инспекциски надзор на правни и физички лица прекуконтрола на квалитетот и прегледи на пратките од увоз, извоз, производство, откуп, промет на земјоделски производи, семе и саденматеријал, цвеќе и декоративнирастенија, производи за заштита на растенија, вино и производи од вино и грозје, енолошки средства, јакиалкохолнипијалоци, ѓубриња, тутун и тутунски производи, органски производи, гмо, храна за животни, приплодендобиток, сперма од добиток, јајце клетки, ембриони.

Државниот инспекторат за земјоделство е надлежен да врши инспекциски надзори врз спроведувањето и извршувањето на законите и другите прописи од страна на *државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва, установите, физичките и правните лица кои вршат дејност од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството со аквакултурата, квалитетот на земјоделските производи и безбедност на храна од примарно растително потекло и фитосанитарна политика, да врши надзор во прометот, преглед и контрола на растително производство и фазите на доработка, увоз, извоз и транзит на земјоделски производи, да зема мостри и доколку е сторен прекршок, да отпочне прекршочна или кривична постапка.*

Инспекторатот преку државните фитосанитарни инспектори врши **фитосанитарна контрола** на пратки од растенија, растителни производи и други објекти и предмети и производи за заштита на растенијата како и утврдување за исполнување на условите за издавање на фитосанитарен сертификат, фитосанитарен сертификат за реекспорт и пасош за растенијата.

Инспекторатот постапува по барања од правни и физички лица за проверка и утврдување на исполнување на условите за прозводство и **откуп на земјоделски производи** , како и за утврдување на исполнување на условите за регистрација на откупни пунктови, винарски визби, рибници, пломбирање на мрежи.

За извршените контроли на квалитет, Инспекторатот издава **уверение за квалитет – сертификат.**

Во рамките на работењето на Државниот инспекторат за земјоделство функционира и **EXIM системот – едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти**, ( www.exim.gov.mk), проект на Владата на Република Северна Македонија, и истиот овозможува одобрување на поднесените барања за дозволи и издавање на дозволите од извршените контроли на пратките.

Од страна на Државниот инспекторат за земјоделство при спроведување на постапката за одобрување на барање за увоз сеиздава**лиценца I005** – *Потврда за извршенорганолептичкипреглед и земенимостри при увоз на пратки од растително потекло* и **лиценца I009** – Влезен документ за репродуктивниживотни и приплоденматеријал при увознапостапка.

Државниот инспекторат за земјоделство на својата веб страна www.diz.gov.mk започнувајќи од 01.02.2018 година го стави на располагање порталот за електронска комуникација (**Е – фитосанитарни барања/пријави**) наменет за сите надворешни корисници со цел да им овозможи да подигнуваат најразлични видови на барања/пријави за издавање на фитосанитарен сертификат за извоз/реекспорт/пасош за растенија (замена на пасош на

растенија) и фитосанитарен преглед на пратки растенија, растителни производи и други објекти и предмети, производи за заштита на на растенија и ѓубрива при увоз/транзит кои се издаваат од страна на Државниот инспекторат за земјоделство во електронска форма во областа на Фитосанитарната испекциски.

Државниот инспекторат за земјоделство како институција од јавниот сектор податоците кои ги создава во остварувањето на своите надлежности во 2018 година започна да ги објавува во формат на отворени податоци организирани во посебни податочни сетови на порталот за отворени податоци https://data.gov.mk/ на Владата на Република Северна Македонија.

# Специфичност на органот на државната управа

Државниот инспекторат за земјоделство до декември 2013 година беше орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со надлежност врз донесувањето на Законот за Државен инспекторат за земјоделство и подзаконските акти кои произлегуваат од него. Од декември 2013 година со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на законот за државниот инспекторат за земјоделство (Службен Весник на Република Македонија број 164/13 година), Државниот инспекторат за земјоделство е со својство на правно лице, има сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со Закон и одлучува за правата и обврските од работен однос. Со Инспекторатот раководи и управува Директор кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ) е основан согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, а својата организација, надлежности, овластувања, постапки и сл. ги врши согласно Законот за Државниот инспекторат за земјоделство.

# Структура на Државниот инспекторат за земјоделство

Со цел подобро управување на Инспекторатот, подобро разбирање на улогите на вработените во инспекторатот, полесно вршење на координација, контрола и комуникација во работењето, Државниот инспекторат за земјоделство во својата систематизација има предвидено **шест сектори** и тоа:

1. **Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со поледелско производство.** Во состав на овој сектор се 4 одделенија и тоа:
   1.1. *Одделение за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата,*
   1.2. *Одделение за физичка заштита на риболовни води,*
   1.3. *Одделние за инспекциски надозр од областа на сточарството со пчеларствотои*
   *1.4. Одделение за инспекциски надзор од областа на земјишната политика со поледелски култури;*

2. **Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство** со 3 одделенија и тоа:

   2.1 *Одделение за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производите за заштита на растенија и квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата,*

   2.2 *Одделение за инспекциски надзор од областа на цвеќе и генетски модифицирани организми* и

   2.3 *Одделение за инспекциски надзор од областа на вино со лозарство*;

3. **Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи** има четири одделенија и тоа:

   3.1 *Одделение за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој,*

   3.2 *Одделение за инспекциски надзор од областа на органското производство,*

   3.3 *Одделение заинспекциски надзор од областа на тутунот и тутунските производи* и

   3.4 *Одделение за инспекциски надзор од областа на квалитетот на земјоделски производи;*

4. **Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика** со двe одделенија и тоа:

4.1 *Одделение за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика на граничен премин* и

4.2 *Одделение за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика во внатрешноста на државата*.

Во Државниот инспекторат за земјоделство покрај 4 инспекторски сектори постојат и 2 сектори за административна и правна поддршка и тоа:

5. **Сектор за проекти и административна поддршка на директорот** во кој има три одделенија и тоа:

5.1 *Одделение за проекти,*

*5.2 Одделение за административна поддршка на директорот и*

*5.3 Одделение за анализа на ризик;*

**6. Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци** во кој има четири одделениија и тоа:

6.1 *Одделение за правни работи,*

6.2 *Одделение за планирање и обработка на податоци,*

*6.3 Одделение за информатички технологии и*

*6.4 Одделение за јавни набавки;*

**Во Државниот инспекторат за земјоделство,надвор од секторите, се формиранെследнитеодделенија:**

1. *Одделение за управување со човечкиресурси,*
2. *Одделение за внатрешнаревизија,*
3. *Одделение за финансискипрашања*
4. *Одделение за внатрешна контролаи*
5. *Одделение за EXIM -едношалтерски систем за дозвола за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифникввоти.*

**РАКОВОДЕЊЕ**

Државниот инспекторат за земјоделство, работите од својата надлежност ги извршува преку:

- директорот на Инспекторатот,
- државните земјоделски инспектори  и државните фитосанитарни инспектори,

- стручната служба во Инспекторатот и
- рибочувари на државни риболовни води (рибочувари).

# Република Северна Македонија

## Државен инспекторат за земјоделство



# Односи со органите во состав

Државниот инспекторат за земјоделство е самостојна институција и нема органи во состав.

# Приоритети и цели

- Ефикасно имплементирање на законската регулатива, зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, пораст на животниот стандард и начинот и квалитетот на живот на населението,
- Борба против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото сé со цел спроведување на функционална пазарна економија на реална основа,
- Развој на модерна, ефикасна, ефективна и економична администрација со високо ниво на етика и некорумпираност како клуч за успешна реформа во земјоделството,
- Организирано и ефикасно вршење на инспекциски надзор
- Воспоставување на *софтвер* за инспекциско работење, вклучително и база за утврдени неусогласености, како и вспоставување на електронски систем за размена на податоци меѓу ДИЗ, МЗШВ и АФПРЗ со цел располагање со База на податоци за подобро планирање на инспекциските надзори.
- Државниот инспекторат за земјоделство има потреба од софтверската апликација која треба да овозможи автоматизирање на деловните процеси и работните активности на инспекторите и да ги поврзе и обедини работните процеси од Државните инспектори за земјоделство и Државните фитосанитарни инспектори (граничната и внатрешната фитосанитарна инспекција) за да се оствари целина на ниво на Државниот инспекторат за земјоделство.
- Ваквата софтверската апликација треба да ги опфаќа сите деловни процеси кои се одвиваат во ДИЗ и да овозможи структурално да биде компатибилна со барањата на Инспекцискиот совет (РЕГ-6-РИИ), Законот за општа управна постапка, Уписникот за предметите од првостепена инспекциска постапка (ИП1) и други позитивни законски прописи. На тој начин ќе се овозможи комплетна поврзаност на процесите и активностите во рамките на ДИЗ и поедноставување, олеснување на работата на директните корисници, при евиденција на контролите и при изготвување на извештаи на сите нивоа.

- Процес на сертификација според најновата верзија на стандардот за управување со квалитетот ИСО 9001:2015 и да воведе други алатки за управување со квалитетот како што е заедничката рамка за процена (CAF
- Набавка на возила, прибор за земање мостри, како и информатичка технологија.

- Организирање и спроведување на континуирани обуки на инспекторите во однос на законите по кои истите постапуваат,
- Задолжително користење на листите на проверка и нивно навремено ажурирање,,
- Планирање на инспекциските активности врз основа на **анализа на ризик**.
- Зајакнување на човечките капацитети во административните сектори и одделенија.
- Воведување и имплементација на Систем за Менаџмент на Квалитет (СМК),
- Воспоставување на електронски систем за анализа на ризик
- Воспоставување на систем за електронска поделба на предмети (документ менаџмент систем ДМС)
- Воспоставување на е - библиотека
- Поголема автоматизација и синхронизација на обработката на податоците и анализата

**Анализа на состојбата**

- Анализирани се постапките и процесите, институционалните капацитети, како и можноста од нивно зајакнување, а особено зајакнување на човечките ресурси, со оглед на нивната значајна улога за целосно извршување на поставените цели и приоритети.
- По извршената анализа пристапено е кон внимателно утврдување на приоритетите и целите на Инспекторатот, водејќи притоа сметка да се конзистентни со приоритетите и целите на Владата на Република Македонија и обврските кои се содржани во НПАА.
- Внимателниот избор на реално спроведливите стратегии, програми и активности придонесе кон соодветна правилна дистрибуција на расположливите финансиски средства на Инспекторатот на вистински потребните проекти и програми.
- Стратешкиот план е тесно поврзан со процесот на буџетскопланирање и извршување за период од три години и претставувазначаен инструмент на планирање и следење на спроведувањето на програмите
- Проектите кои се однесуваат на зголемувањето на *стапката на вработеност, пораст на животниотстандард, квалитетот на живеењето, борбата против криминалот и корупцијата, ефикасноспроведување на законите, подршка за развој на земјоделството, квалитет на инспекцискитенадзори, осовременување на вршење на постапки за инспекцискинадзори* и сличносметаме дека ќебидат во функција на остварување на стратешкитеприоритети и цели на Владата на РепубликаСевернаМакедонија.

- Имајки ја предвид Програмата на Владата на Република Северна Македонија, како и Програмата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија, како и барањата и очекувањата на граѓаните, потребите на потрошувачите, индивидуалните земјоделски производители и други заинтересирани страни и крајни корисници, Инспекторатот има за цел да обезбеди *креирање на соодветни политики* во областа на земјоделството, безбедноста на земјоделски производи, како и ефикасно спроведување на соодветните закони, правилници и други акти и да потврди дека како надлежен орган ги спроведува и ги одржува системите за официјални контроли во надлежност на Инспекторатот и да обезбедува активности за надзор и мониторинг во производството на земјоделските производи.
- Со цел понатамошните активности да се насочат кон создавање на поадекватен пристап кон засегнатите страни, направена е анализа со користење на соодветна методологија, директни контакти, информативни разговори, прибирање податоци од теренот и користење на релевантни препораки од други институции.
- Силноверуваме дека стратешкиот план ќе послужи како алатка на менаџментот на Државниот инспекторат за земјоделство за управување и развој, како и дека истиотќедаде силен поттик кон натамошнотонадградување и зајакнување на нашатаинституција.

**Расположива инфраструктура**

- Материјалните ресурси кои Инспекторатот ги има на располагање во рамките на своите внатрешни организациони единици се:опремени канцелариски простории, телефонски линии, IT опрема со интернет врска, моторни возила, делумна опременост за вршење на инспекциски надзор. Во тек се активности за воспоставување на фитосанитарен информационен систем – ФИС.
- Во институцијата се користи соодветна ИТ технологија, софтвер и други алатки за работа, но во рамките на ДИЗ не постои сеопфатен софтвер за инспекциско работење, што во голема мера ја отежнува работата на инспекторите, но и на останатите одделенија, во насока на искористување на расположливите податоци за креирање на поефикасни е поефективни инспекциски контроли. Дополнителен проблем е тоа што во рамките на ДИЗ не постои соодветна дата база за утврдени неусогласености, со цел спроведување на инспекциски надзор базиран врз основа на анализа на ризик.

**SWOT анализа**

SWOT анализата како инструмент е искористена за анализа на состојбите во самата институција за услугите кои се даваат, за утврдување на идеи, мислења, ставови и предлози по многу прашања од интерес за понатамошно поуспешно функционирање.

- Изготвувањето на анализата, придонесува кон исполнување на следните цели:
- Имплементација на Функционално-организационата анализа во насока на зајакнување на капацитетите;
- Зголемување на нивото на функционалност и ефикасност на ДИЗ;
- Идентификување и справување со ризици;
- Воспоставување на адекватен систем за примена на соодветни политики и координација;
- Зајакнување на институционалните капацитети во насока на подобрување на стандардот на граѓаните, спроведување, контрола, надзор и следење на активностите од областа на земјоделството;
- Определување на насоките на Стратешкото планирање, следење на спроведувањето, мониторинг и евалуација;
- Зајакнување и конкретизирање на институционалната соработка;
- Воспоставување на адекватен систем за континуирано надградување на вработените.

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • -Формирање на ДИЗ како институција со својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка и буџетски корисник од прва линија<br>• Млад менаџерски тим (постоење на ентузијазам и натпреварувачки дух)<br>• Добро едуциран кадар (постоење на систем за континуирано образование)<br>• Воспоставувен систем на официјални контроли- надзор преку интегрирана инспекциска служба<br>• Релативно добри материјални | • Недоволен број на вработени<br>• Несоодветно и нерамномерно ползување на расположливите човечки капацитети<br>• Во одредени сегметни недостаток на човечки ресури, неправлино распоредување на човечките ресурси и работните задачи, во одреден број на случаи и слабо едуциран стручен кадар за поедини теми, а особено за области за кои се започнува имплементација на одредена нова политика или активност<br>• Ограничен кадровски капацитет во поедини одделенија, со само еден извршител или ниту еден.<br>• Недоволна техничка опременост и просторни услови за подрачните единици |

| | |
|---|---|
| ресурси<br>• Аналитички пристап<br>Отвореност<br>Непосредни контакти на терен<br>Отвореност за меѓународна соработка и со други институции во Република Македонија<br>• Флексибилност<br>• Внатрешна ревизија | • Недоволен Буџет за планираните активности што оневозможува да се спроведува стратегијата на ДИЗ согласно потребите и барањата<br>• Недоволна комуникација помеѓу сектори посебно на ниво на хоризонтални функции<br>• Неизградена свест за улогата која е доверена насекој поединечно/ инспекциски дел.<br>• Не секогаш задоволителна интер и интрасекорска комуникаицја<br>• Немање на систем, непримена на методологија за проценка на ризик на работата на секој сектор како и на комуникацијата на ризикот.<br>• Непостоење на формален систем на анализа иверификација на податоците.<br>• Неадекватна материјална и професионална мотивираност<br>• Немање на континуитет на обуките<br>• Недоволен број на инспектори<br>• Недоволна институционална соработка |
| **МОЖНОСТИ**<br><br>- Евроинтеграциски процеси<br>- Воведување на подолгорочен пристап во работењето на ДИЗ, од аспект на вградување на развојната компонента во повеќето тековни активности на организацијата, како дел од стратегиските цели<br>- Унапредување на системот за | **ЗАКАНИ**<br><br>Економска криза<br>- Појава на елементарни непогоди и други кризи<br>- Намален, недоволен буџет, што не дозволува одржлив развоен пристап на организацијата<br>- Одлив на стручен кадар<br>- Ограниченост на нови вработувања<br>- |

| | |
|---|---|
| управување со човечки ресурси<br>- Подобрување на системот на управување на хоризонтално ниво<br>- Користење на средства од донатори<br>Континуирана едукација на вработените<br>користејќи ги можностите на ЕМА, BTSF и TAIEX<br>Креирање на механизам за зголемена<br>мотивација на вработените преку унапредување.<br>-Поголема транспарентност во соработката со другите институции<br>- К5 програма за вработување<br>- Натамошен ИТ развој<br>- Евроинтеграциски процеси<br>- Глобализација и вклученост на ДИЗ во меѓународни организации и мрежи од интерес за ДИЗ<br>- Подобрување на правната рамка | - Појава на корупција и судир на интереси на сите нивоа во ДИЗ |

**Анализа на политичката, економската, социјалната, технолошката, еколошката и правната средина (PESTEL)**

- Во табелата подолу се презентирани главните фактори кои влијаат врз работењето на Инспекторатот, а кои доаѓаат од политичката, економската, социјалната, технолошката,

еколошката и правната средина. Може да се заклучи дека од аспект на **политичката средина** главно влијание врз работењето на Инспекторатот имаат владините приоритети и непланираните заклучоци на Владата на Република Македонија кои претежно ја зголемуваат работата на Инспекторатот и во состојба на ограничени човечки и финансиски ресурси да креира застои и проблеми во секојдневното работење на Инспекторатот.

- Во однос на **економската средина**, главни фактори се генералната економска ситуација во Македонија која преку намалена или зголемена економска активност влијае негативно или позитивно врз Буџетот на Република Северна Македонија и потрошувачката моќ на граѓаните што пак директно влијае негативно или позитивно врз финансиската позиција на Инспекторатот.
- Како главни фактори во рамки на **социјалната средина** кои имаат влијание врз работењето на Инспекторатот беа истакнати миграцијата на населението од село во град, промена на занимањето на населението, но и зголемената свесност на граѓаните за безбедноста на земјоделските производи.
- Новите технолошки процеси неопходно влијаат на опремата и знаење за ракување на опремата за Инспекторатот при спроведување на контролите. Дополнително, во рамки на **технолошката средина** како фактори кои имаат големо влијание е и потребата, од ИТ поврзување на системите во цела Македонија.
- Во рамки на **еколошката средина и правната средина** како главни фактори кои влијаат врз работењето на Инспекторатот се новите законски барања.
-

| ПОЛИТИЧКА СРЕДИНА | • ЕКОНОМСКА СРЕДИНА | • ЕКОЛОШКА СРЕДИНА |
|---|---|---|
| • Владини приоритети од оласта на земјоделството<br>• Номинирање на директор на ДИЗ<br>• Заклучоци кои произлегуваат од<br>• Влада во однос на одредени<br>• активности кои треба да се<br>• спроведат за одреден временски<br>• период за потребите на | • Финансиски средства во Буџетот на РСМ<br>• Обезбедување на финансиски средства за спроведување на планирани активности и вршење на инспекциски надзори<br>• Обезбедување на буџетски<br>• средства за зајакнување на | • Појава на еколошки жаришта на болести кај растенијата<br>• Климатски промени<br>• Елементарни непогоди<br>• Законски барања<br>• Еколошки стандарди кои ДИЗ треба да ги исполни а произлегуваат од ЕУ регулативата |

| | | |
|---|---|---|
| Владата<br>• на Република Северна<br>• Македонија или некоја<br>друга<br>• институција (особено<br>• непланираните)<br>• Избори | • кадровските капацитети<br>• (унапредувања и нови<br>• вработувања)<br>• Обезбедување на<br>средства за<br>• континуиана едукација<br>на<br>• вработените и<br>едукација на<br>• пошироката јавност<br>• Одвојување на средства<br>од Буџетот на РСМ за<br>ДИЗ<br>• Нови компании чија<br>дејност подложи на<br>контрола од ДИЗ<br>• Фискални импликации<br>на ДИЗ како резултат на<br>промена на<br>регулативата во Р.М | |
| • **СОЦИЈАЛНА СРЕДИНА**<br>• Миграција на населението<br>од село во град<br>• Промена на занимањата<br>на населението<br>• Свеста на јавноста за<br>безбедност на<br>земјоделските производи<br>• Намалување на стапката<br>на наталитет | • **ТЕХНОЛОШКА СРЕДИНА**<br>• Нови технолошки<br>процеси<br>• Потребни технолошки<br>процеси, опрема и<br>знаење за ракување на<br>опремата за ДИЗ<br>• Поврзување на ИТ<br>системите во МКД<br>• Во одредени случаи | • **ПРАВНА СРЕДИНА**<br>• Генерални законски и<br>• подзаконски акти<br>• Системски законски и<br>• подзаконски акти од<br>областа на<br>земјоделството<br>• ЕУ законодавство<br>• Меѓународни договори<br>• (билатерални и |

| | | |
|---|---|---|
| • Процес на стареење на жителите во Р.М<br>• Демографски промени на населението<br>• Одлив на луѓе надвор од Р.С.М<br>• Прифатливост на барањата за стандарди од фармерите, малите производители<br>• Зголемена свест на потрошувачите (НВО)<br>• Менталитет, навики, традиција | стара<br>• технологија и стари навики | мултилатерални)<br>• и активности на меѓународно<br>• ниво<br>• Меморандуми за соработка и меѓуинституционални договори и обврските кои произлегуваат од Нив.<br>• Хармонизација на националното со законодавството на Европската Унија<br>• Закони и подзаконски акти<br>• Билатерални и мултилатерални договори<br>• ЕУ законодавство |

**Анализа на очекувана состојба на областа на инспекцискиот надзор**

- Основна задача на Државниот инспекторат за земјоделство е *да ги идентификува* субјектите кои при вршењето на дејностите не се придржуваат кон законската регулатива и *да преземе мерки* за нивно санкционирање и санирање на повредите на законските процедури. Законската рамка која се регулира во секторите за инспекциските надзор опфаќа широк спектар на закони и подзаконски акти со кои се уредува организацијата, надлежностите и постапката на вршење на надзор од страна на секој инспектор во инспекторатот.
- Менаџирањето на ризици, едноставно кажано, значи насочување на ресурсите на инспекцијата онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, воедно користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност. Ефективните принципи на менаџирање со ризици бараат прибирање и пристап до релевантни податоци,

определување на ризикот врз основа на тие податоци и фокусирање на инспекциските активности кон најголемите ризици кои ќе се идентификуваат.

Заради тоа, *управувањето со ризици* е од исклучителна важност и претставува составен дел од секојдневното работење на Државниот инспекторат за земјоделство. Тоа *подразбира воспоставување ефикасен систем на внатрешни контроли*, кои треба да се засноваат на:

- идентификување на ризици;
- утврдувањето на ризиците;
- проценка на нивната веројатност и ефект/влијание;
- следење и оценка за ризиците;
- утврдување на соодветни внатрешни мерки.

Управувањето пак со ризиците овозможува:

- донесување *поквалитетни одлуки*,
- подобро *предвидување и оптимизирање* на расположливите средства и ресурси,
- согледување на приоритетите како и
- избегнување на идните проблеми кои можат да се појават при реализацијата на поставените цели.

Целта на управувањето со ризик е да ги доведе ризиците во Инспекторатот на*прифатливо ниво* со спроведување на мерки кои ќе ја *ублажат веројатноста* за настанување на ризикот и *влијанието* на реализацијата на ризик.

Ризиците се природен дел од секојдневните активности и не може да се избегнат, но може само да *бидат управувани*.

Тоа значи дека треба да се утврди одредено ниво на "*прифатлив ризик*" за секој конкретен случај во анализата. *Прифатлив ризик* е степенот на ризик што раководството е подготвено да го прифати во постигнувањето на своите цели.

Утврдувањето на ризикот вклучува *лоцирање* на потенцијалните ризици и *причината за појавата на ризиците*, како и потенцијалните *последици* од ризиците.

Според, *Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.247/2019), елементите за проценка на ризик се: тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетните последици.

*Тежината на штетните последици, се проценува врз основа на:*

- природата на штетните последици која произлегува од видот на дејноста на субјектот на инспекциски надзор и/или од карактеристиките на производот кој се става на пазарот односно услугата која се дава од страна на субјектот на инспекциски надзор и
- обемот на штетните последици, кој произлегува од опфатот на корисници на производот односно услугата која се дава од страна на субјектот на инспекциски надзор.

*Веројатноста на случување на штетни последици се проценува врз основа на:*

- претходната работа и постапување на субјектот на инспекциски надзор, вклучувајќи ја и последната утврдена состојба на законитост и безбедност во неговото работење и постапување;
- стандарди и другите стандардизациски документи кои ја сочинуваат националната стандардизација, како и правилата на добра практика кои ги применува субјектот на инспекциски надзор;
- системите за управување и внатрешен надзор на работењето на субјектот на инспекциски надзор;
- состојбата во областа во која се врши дејноста и предвидувањата за идните движења во таа област и
- внатрешните и надворешните стручни, технички, технолошки и финансиски капацитети на субјектот на инспекциски надзор.

Со Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори се пропишува начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Државниот инспекторат за земјоделство и мерењето на степенот на ризиците, а со цел ефективно и ефикасно планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите во областа на земјоделството.

Применувајќи ја Методологијата за проценка на ризик, во 2023 година, ќе доведе до голем бенефит за инспекторатот:

Истата ќе ги опфати прашањата за утврдување на ризиците, како и проценката на тежината на штетните последици и веројатноста за случување на тие последици.

Со примената на Методологијата за проценка на ризик посебно внимание ќе биде посветено на проценката на ризиците која може да биде успешна само кога истата е проследена со активности за ублажување на ризиците.

Работните цели и задачи на инспекторите ќе бидат интегрирани со активностите кои ќе помагаат да се зајакне редовното следење на утврдените ризици и примената на соодветните мерки за ублажување на истите, се со цел да се добијат ефикасни и ефективни инспекциски надзори.

Методологијата за управување со ризиците на Инспекторатот, ќе помогне во поставување на принципите, концептите, препораките и упатствата за посебниот пристап на инспекторите при, вршење на инспекциски надзор во однос на управувањето со ризиците.

Во управувањето со ризиците, ќе се проценуваат слабостите на системот на систематски и структуриран начин и ќе предлагаат можни подобрувања за зголемување на можноста за успешно извршување на нивните задачи.

Примената на Методологијата ќе создаде можност за прибирање на резултатите од проценката на ризиците од различни сектори во Инспекторатот.

Како основ, при изготвување на Годишниот план за 2023 година, земени се податоци од месечните, полугодишните и годишните извештаи од областите за кои е надлежен Инспекторатот, законската регулатива и сл. Оттука, произлегува дека проценката на ризиците е извршена врз основа на два вида влезни информации за проценка на *влијанието на ризикот* и *проценка на веројатноста за појавување* на ризикот.

Зачестеноста на инспекциските надзори и ангажираните ресурси ќе бидат пропорционални со нивото на ризик и активностите на надзорот и ќе бидат насочени кон намалување на реалниот ризик наметнат со неправилностите во работата кај субјектите под надзор.

Зачестеноста на вршење на инспекциски надзор зависи од степенот на ризик на субјектот:

| • Степен на ризик | • Зачестеност на надзор |
|---|---|
| • висок степен | • најмалку еден инспекциски надзор годишно |
| • среден степен | • најмалку еден инспекциски надзор во две години |
| • низок степен | • најмалку еден инспекциски надзор во три години |

Кај новооснованите субјекти (субјекти кои се основани и кои започнале со извршување на дејност во последната година), како и кај субјекти кај кои во претходниот период не е вршен инспекциски надзор, како претпоставка, се проценува среден степен на ризик.

Планот за инспекциски надзор е важна алатка во управувањето со надзорот, бидејќи ги распоредува ограничените ресурси на Државниот инспекторат за земјоделство со цел да постигне максимални ефекти во спречувањето на неправилностите и минимизирање на штетите. Изработката на планот е во најголем дел заснована врз проценката на ризиците. Квалитетот на планот е во директна корелација со квалитетот на проценката на ризиците.

# Осврт на постигнатирезултативо 2022година

- Компјутерите се поврзани мрежно со еден главен рутер и повеќе свичови и wireless access point (WAP) кои во 2022 година се заменети и надградени со нови уреди. Во централнот седиште на Државниот инспекторат за земјоделство и се користи оптички интернет со статича IP адреса, додека подрачните единици и граничните премини се приклучени на ADSL интернет линија.
- Државниот инспекторат за земјоделство направи надградба на постоечкиот Систем за Фитосанитарна инспекција каде ќе може електронски да се поднесуваат Пријавите за фитосанитарна инспекција при увоз, извоз, ре-експорт и транзит, како и Барањата за издавање на фитосанитарен сертификат за извоз и ре-експорт. Овој систем ќе започне задолжително да се применува и сите Пријави и Барања ќе може да се поднесуваат електронски исклучиво преку овој систем на веб страната на Државниот инспекторат за земјоделство на следнот линк https://diz.gov.mk/e-uslugi/fitosanitarni/ .

Во текот на 2022 година извршена е и надградба на ,,Главен информативен систем за гранична фитосанитарна инспекција“ ФИДИЗ кој се користи за електронска евиденција на пратки од увоз, реекспорт, транзит и извоз, со која се овозможија подобри перформанси на истиот, како и воведување на следливост на наплатите извршени од страна на фитосанитарните инспектори односно во продукција се пушти модулот за финасиско работење и книжење на фактури во ДИЗ и за извоз на вино и тутун.

- „Главниот информативен систем за фитосанитарна инспекција“ кој се користи за електронска евиденција на пратки од увоз, реекспорт, транзит и извоз, со поддршка на ЦЕФТА, е поврзан со нов IT ситем SEED +, преку кој се овозможи електронска размена на податоците од фитосанитарните сертификати, а во текот на 2023 година ќе се овозможи размена на фитосанитарните и пропратни документи на пратките од свежо овошје и зеленчук кои се дел од трговијата меѓу земјите членки на ЦЕФТА (Северна Македонија, Србија, Албанија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Молдавија).Пилот фазата за спроведување на овој ИТ систем започна со имплементација на 1 јули 2022 година, а целосната имплеметација на истиот се очекува во текот на 2023 година.

- Во тек е изработка и имплементација на софтверско решение со која ќе се поврзат ФИДИС системот и ЕХИМ системот преку кое електронски ќе се одобрува лиценцата N581.

- ИТ системот изработен во соработка со ЕУ ИПА проектот: „Подобрена имплементација на здравјето на животните, безбедноста на храната и фитосанитарно законодавство и соодветни информациски системи“, поради одредени технички проблеми сеуште не е во фукција, но спроведена е јавна набавка за надградба на истиот и негово поврзување со останатите ИТ системи и се очекува неговата употреба до започне во текот на 2023 година.
- Во текот на изминатата година дополнителносе направи поврзување со веб сервисот за интеротерабилност проект на Владата на Р.С.Македонија;
- Во текот на 2022 година се отпочна со проектирање и изработка на системското решение Е – инспектор. Во рамките на овој систем е предвидено изработка на модул наменет за потребите на ДИЗ.Во овој систем предвидена е размена на податоци помеѓу Фитосанитарната управа, Државната фитосанитарна лабораторија и Државниот инспекторат за земјоделство - Фитосанитарна инпекција. Со помош на овој систем на фитосанитарните инспектори ќе се олесни работата на секторот, ќе се овозможи полесна размена на информации, складирање на инспекциските акти, како и обработка на расположливите податоци.
- Од страна на секторот за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи, на ден 12.10.2022 година се донесе листа за проверка за увоз на органски производи (член 51 - прием на производи од други земји од Закон за органско земјоделско производство „Службен весник на Република Македонија“ бр. 146/2009, 53/2011, 149/2015, 39/2016 и 132/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/2021), изработена врз основа на член 70 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), која е задолжителна при вршење на редовен инспекциски надзор и објавена на веб страницата на инспекциската служба https://diz.gov.mk/dokumenti/obrazci-tarifnici/.
- Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, согласно член 65 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), донесе "Одлука за утврдување на коефициентот на сложеност на инспекцискиот надзор" бр. 09-905/1 од 06.10.2022 година.
- Во насока на реализирање на приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија, борбата против корупцијата и дигитализацијата на општеството, на 26.10.2022 година, Инспекцискиот совет во улога на координатор на посредните корисници потпиша поединечни договори со посредните корисници (13 инспекциски служби) за користење на единствен комуникациски клиент за поврзување на единствената околина, и тоа со: Државен инспекторат за животна средина, Државен просветен инспекторат, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, Државен инспекторат за транспорт, Државен комунален инспекторат, Државен инспекторат за

локална самоуправа, Државен технички инспекторат, Државен девизен инспекторат, Државен инспекторат за земјоделство, Инспекторат за употреба на јазиците и Агенција за храна и ветеринарство.

Предмет на овие договори е уредување на начинот на размена на податоците и документите по електронски пат помеѓу посредените корисници на единствена околина, што ќе овозможи пристап до точни и ажурни информации и податоци, а со цел ефикасно и непречено функционирање на Информацискиот систем за спроведување на инспекцискиот надзор Е – Инспектор, подржан од ЕБОР, во рамки на проектот „Развој на Е-инспектор –проширување на поддршката на реформата на инспекциските служби во РепубликаСеверна Македонија".

Во рамки на тековниот Проект Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Северна Македонија, поддржан од Европската банка за обнова и развој, се изработи *Анализата за употребата и влијанието на Листите за проверка* при спроведувањето на инспекцискиот надзор кај субјектите на надзор. За потребите на Анализата, а со поддршка на стопанските комори во Северна Македонија, се спроведе анонимна анкета врз правни лица (субјекти на надзор), со цел да се испита ефектот од досегашната употреба на листите за проверка. Врз основа на добиените резултати од Анализата Инспекциски совет подготви Корисни информации за употребата, улогата и значењето на листите за проверка.

Во периодот јануари - декември 2022 година Државните земјоделски инспектори и Државните фитосанитарни инспектори вршеа инспекциски надзори (редовни, вонредни и контролни) а процентот на реализација на надзорите на ниво наИнспекторат изнесува 115.05%. Планирани ИН по вид на надзор и вид на инспектор поединечно за полугодие и вкупно за 2022 година се прикажани во Табелата подолу со наслов „*Преглед на вкупен број на планирани и реализирани инспекциски надзори со степен на реализација според вид во полугодието (за вид Државен земјоделски инспектор и Државен фитосанитарен инспектор*"

| | ПЛАНИРАНИ НАДЗОРИ | | | | РЕАЛИЗИРАНИ НАДЗОРИ | | | | РАЗЛИКА | | | ПРОЦЕНТ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1 полугодие 2022** | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | Вкупно надзори | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | Вкупно надзори | РЕДОВНИ РАЗЛИКА | ВОНРЕДНИ РАЗЛИКА | КОНТРОЛНИ РАЗЛИКА | РЕДОВНИ | ВОНРЕДНИ | КОНТРОЛНИ | Вкупно |
| **Државни земјоделски инспектори** | **616** | **11929** | **100** | **12645** | **606** | **15170** | **136** | **15912** | -10 | 3241 | 36 | 98.38 | 127.17 | 136.00 | 125.84 |
| **Државни фитосанитарните инспектори** | **480** | **7017** | **134** | **7631** | **457** | **6949** | **148** | **7554** | -23 | -68 | 14 | 95.21 | 99.03 | 110.45 | 98.99 |
| **ВКУПНО** | **1096** | **18946** | **234** | **20276** | **1063** | **22119** | **284** | **23466** | -33 | 3173 | 50 | 96.99 | 116.75 | 121.37 | 115.73 |

| | ПЛАНИРАНИ НАДЗОРИ | | | | РЕАЛИЗИРАНИ НАДЗОРИ | | | | РАЗЛИКА | | | ПРОЦЕНТ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2 полугодие 2022** | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контроле н надзор | Вкупно надзори | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контроле н надзор | Вкупно надзори | РЕДОВНИ РАЗЛИКА | ВОНРЕДНИ РАЗЛИКА | КОНТРОЛН И РАЗЛИКА | РЕДОВНИ | ВОНРЕДНИ | КОНТРОЛН И | Вкупно |
| **Државни земјоделски инспектори** | **592** | **12025** | **106** | **12723** | **588** | **15213** | **213** | **16014** | -4 | 3188 | 107 | 99.32 | 126.51 | 200.94 | 125.87 |
| **Државни фитосанитарните** | **465** | **7169** | **107** | **7741** | **444** | **6803** | **143** | **7390** | -21 | -366 | 36 | 95.48 | 94.89 | 133.64 | 95.47 |
| **ВКУПНО** | **1057** | **19194** | **213** | **20464** | **1032** | **22016** | **356** | **23404** | -25 | 2822 | 143 | 97.63 | 114.70 | 167.14 | 114.37 |

| | ПЛАНИРАНИ НАДЗОРИ | | | | РЕАЛИЗИРАНИ НАДЗОРИ | | | | РАЗЛИКА | | | ПРОЦЕНТ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1+2 полугодие 2022** | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | Вкупно надзори | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | Вкупно надзори | РЕДОВНИ РАЗЛИКА | ВОНРЕДНИ РАЗЛИКА | КОНТРОЛНИ РАЗЛИКА | РЕДОВНИ | ВОНРЕДНИ | КОНТРОЛНИ | Вкупно |
| **Државни земјоделски инспектори** | **1208** | **23954** | **206** | **25368** | **1194** | **30383** | **349** | **31926** | **-14** | **6429** | **143** | **98.85** | **126.84** | **168.47** | **125.85** |
| **Државни фитосанитарните** | **945** | **14186** | **241** | **15372** | **901** | **13752** | **291** | **14944** | **-44** | **-434** | **50** | **95.35** | **96.96** | **122.05** | **97.23** |
| **ВКУПНО** | **2153** | **38140** | **447** | **40740** | **2095** | **44135** | **640** | **46870** | **-58** | **5995** | **193** | **97.31** | **115.73** | **144.25** | **115.05** |

# Осврт на очекувани резултати до крајот на тековната година

**Вработувања.**

-Планирани вработувања за 2023 година (вкупно 3 три ) од ниво Б4 – 1 еден, на ниво В4 -1 (еден) и Г1 -1 (еден) и тоа:

1- едно ново вработување за вид Виш инспектор-државни земјоделски инспектори и

1- еден нови вработувања помлад инспектор државни земјоделски инспектори

1- едно ново вработување за вид Г1 самостоен референт (администрација).

**Пензионирања.**

Во 2024 година исполнуваат услови за пензионирање 2 ( два ) фитосанитарни инспектори од кои (1- ниво В3 и 1 – ниво В1), додека пак во 2025 година исполнуваат услови за пензионирање 2 ( два инспектори на ниво В1 ) од кои 1- фитосанитарен и 1 земјоделски инспектор.

- Развивање на систем за Анализа на ризик на гранични места за пратки од увоз. Во овоја систем ќе биде опфатен целиот инспекциски надзор од пристигнување на камионот на граница до издавање на сертификатот. Откако ќе пристигне Барањето до инспекторот задолжително ќе мора да направат проверка на документите и да констатираат исполнетост на прдвиот услов за да започне инспекциската постапка, а доколку не се исполнети условите (односно не е комплетна документацијата), да даде кратка забелешка поради кои причини го става предметот на чекање.

Вториот дел е визуелниот преглед на пратката, односно инспекторот ќе треба да внесе податоци за визулниот преглед на пратката со кратки забелешки и да наведе дали извршил целосен или делумен визуелен преглед на пратката. Третиот дел од постапката е мострирањето, односно здравствениот преглед на пратката. Откако инспекторот ќе земе мостра сите податоци за мострата ќе треба да ги внесе во системот и за кој штетници ќе бара дополнителни лабораториски испитувања. Откако ќе ги добие резултатите ќе мора да даде кратка забелешка за резултатот од лабораторискиот извештај и штетникот

доколку го има (поврзување на нашиот Систем со Системот за Фитосанитарна инспекција кој е во сопственост на МЗШВ).

Овие податоци ќе помогнат да се направи Анализа на ризик и да се поделат субјектите во три групи на: ризични, средно ризични и ниско ризични, а со тоа би се забрзала работата на инспекторите на граница и би имале појасна слика за тоа во кој правец ќе треба да ја водат инспекциската контрола и во која група на ризици е контролираниот субјект, со цел намалување на зачестеноста на спроведување на визуелен преглед на оператори кај што во минатото не биле утврдени неправилности.

- Формирање на посебнаорганизациона единица или работно место за водење на управна, прекршочна или кривична постапка од извршениот инспекциски надзор.
- Воспоставување на електронски систем, кој ќе има единствен регистар/уписник во кој ќе се содржат сите податоци за целокупната постапка на инспекцискиот надзор, од почеток до завршување, како и исходотод истата на ниво на инспекторат.
- Понатамошно развивање на ИФИС системот во насока на подобро поврзување и размена на повеќе податоци со TRACES NT со цел искористување на целосните капацитети на TRACES NT.
- Дефиниран систем за контрола при увоз на земјоделски производи и воспоставени принципи и постапки за систем за анализа на ризик (САР)
- Техничко опремување
- Воведување на „Стандард за управување со квалитетот ИСО 9001:2015“
- Воведување на Документ менаџмент систем (ДМС)

**2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ** 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

| **Очекувани резултати од работењето на Државниот инспекторат за земјоделство:** | |
|---|---|
| **Резултат 1: Воспоставен систем на инспекциски надзор и имплементација на прекршочна политика со воведување на мерка едукација на прекршители.** | Показател за успешност:<br>• Извршена обука на земјоделски инспектори и државните фитосанитарни инспектори по материјалните закони;<br>• Број на инспекциски надзори над спроведување на законските обврски на правните и физички лица;<br>• Примена на законите и прописите на субјектите;<br>• Намалување на степенот на сторување на прекршоците;<br>• Унапредување на казнената политика;<br>• Водење на инспекциската постапка согласно ЗИН, ЗОУП и сл.;<br>• Намалување на прекршоците;<br>• Воспоставување на индикатори за мерење на спроведените едукации (намален број на поднесени прекршочни пријави, намален број на поднесени кривични пријави, процентуално намалување на прекршоци на терен). |
| **Резултат 2: Воведување на Документ менаџмент систем (ДМС)** | Показател за успешност:<br>• Детерминација на интерно движење на документите<br>• Набавен софтвер ќе се овозможи електронско водење на предметите во Државниот инспекторат за земјоделство;<br>• Воспоставен систем за движење на документите;<br>• Поефикасно и поекономично водење на инспекциската постапка, генерирање на извештаи и планирање на инспекциските надзори;<br>• Увид во предметите во секое време на директорот, раководните државни службеници и инспекторите, од што се очекува да се зголеми ажурноста и отчетноста во работењето;<br>• Набавка на лиценци. |
| **Резултат 3: Стандард за управување со квалитетот ИСО 9001:2015** | Показател за успешност:<br>• Намалување на трошоците во работењето<br>• Зголемување на нивото на одговорност<br>• Оптимизација на проверка на производите |

| | |
|---|---|
| | • Подобрување на процесите и системот во целина со акцент на превентивен пристап на решавање на проблеми<br>• Зајакнато ниво на доверба кај правните и физички лица<br>• Зголемување на следливоста се со цел зголемена вредност на организацијата<br>• Мотивација на вработените |
| **Резултат 4: Дефиниран систем за контрола при увоз на земјоделски производи и воспоставени принципи и постапки за систем за анализа на ризик (САР)** | Показател за успешност:<br>• Контролиран увоз, интегрирана информација за стоката ;<br>• Имплементирање на принципите на анализа на ризик<br>• Оформена база на податоци за анализа на ризик;<br>• Извршена обука на државните инспектори за земјоделство;<br>• Имплементација на системот во пракса на гранични премини и во внатрешноста на државата. |
| **Резултат 5: Одржување на опрема (Хардверско и софтверско зајакнување на електронскиот систем на Државниот инспекторат за земјоделство)** | Показател на успешноста:<br>• Уредно водење на евиденција на инспекциските надзори<br>• Поднесување на уредни извештаи по различни китериуми<br>• Извршена обука на државните инспектори<br>• Увид во компаративни анализи за работењето на ДИЗ<br>• Можност за следење на постапките<br>• Увид во ефикасноста на работењето на инспекторот<br>• Користење на податоците за системот на анализа на ризик |
| **Резултат 6: Борба против корупцијата и владеењето на правото** | Показател на успешноста:<br>• Ефикасни, независни и професионални инспекциски надзори;<br>• Зајакнати институционални и административни капацитети во спроведувањето на антикорупцискита политика;<br>• Соработка и поврзаност помеѓу институциите и органите вклучени во спроведувањето на антикорупциската политика;<br>• Јакнење на борбата против организираниот криминал;<br>• Јакнење на антикорупциската рамка<br>• Зголемена ефикасност во справување со корупцијата |
| **Резултат 7: Техничко опремување (стоки и услуги)** | Показател на успешноста:<br>• Ефикасно, навремено и квалитетно вршење на инспекциски надзор од страна на државните инспектори за земјоделство и државните фитосанитарни инспектори;<br>• Организирана координација во работењето на инспекторите<br>• Ефикасно навремено и квалитетно архивско работење;<br>• Намалување на трошоци |

| | |
|---|---|
| **Резултат 8 Опремување на фитосанитарна лабораторија за првично детерминирање на штетни организми на граничните премини** | Показател на успешноста:<br>• Визуелен преглед на растенија растителни производи и други објекти и предмети од болести и штетни организми на цела територија на Република Македонија;<br>• Ефикасна контрола на увозните пратки во делот на здравствената исправност на граничните премини;<br>• Земање на мостри од растенија растителни производи и други објекти и предмети за да се потврди присуство на штетни организми на растенија растителни производи и други објекти и предмети |

**Резултат 1: План за спроведување –** Воспоставен систем на инспекциски надзор

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | Финансиски (МКД) |
| 1. Обуки на државните инспектори за земјоделство по материјалните закони, обука по ЗОУП и ЗП | Раководен тим на Државен инспекторат за земјоделство | Сектор за прекршоци | 06/2023 06/2024 04/2025 | тековно | | 120.000,00 |
| 2. Имплементација на прекршочна политика со воведување на мерка едукација на прекршители. | Раководен тим на Државен инспекторат за земјоделство | | 04/2023 04/2024 04/2025 | тековно | | 60.000,00 |
| Вкупно активности во тековната година: 2 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година: континуирано | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 0 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 1** | **2** | | **06/2023** | **12/2025** | | **180 000,00** |

**Резултат 2: План за спроведување –** Воведување на Документ менаџмент систем (ДМС)

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток** (месец/година) | **Крај** (месец/година) | **човечки** | **Финансиски (МКД)** |
| 1. Набавка софтвер за ДМС | МИОА | Државен инспекторат за земјоделство | 11/2023 | 12/2024 | | 150.000,00 |
| 2. Одржување на софтвер за 3 години | | Надворешен консултант | 05.2023 | 12.2025 | | 187 000,00 |
| 3. Годишна лиценца за софтвер за сервер на кој е хостиран ДМС | Државен инспекторат за земјоделство | | 04/2024 | 08/2025 | | 20 000,00 |
| Вкупно активности во тековната година: 1 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година: 2 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 2 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 5** | **5** | | **1/2023** | **08/2025** | | **357.000,00** |

Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија

Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18(Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија

+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

**Резултат 3: План за спроведување –** Резултат 3: Стандард за управување со квалитетот ИСО 9001:2015

| Активност | Одговорни | Консултиран и | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | Финансиски (МКД) |
| Снимање на состојбата на организацијата (GAP – анализа) и детектирање на слабости согласно принципите на Меѓународниот стандард ИСО 9001:2015 | Државен инспекторат за земјоделство | | 11/2023 | 09/2024 | | 250 000,00 |
| Изработка на комплетен Документационен систем согласно принципите и барањата на меѓународниот стандард ИСО 9001:2015и релевантни законски и регулаторни барања за специфични процеси на ДИЗ | | Надворешен консултант | 03/2023 | 06/2024 | | 375 000,00 |
| Имплементацција на ИСО стандардот во работењето на ДИЗ | | Надворешен консултант | 09/2024 | 12/2025 | | 400 000,00 |
| Интерактивна обука на менаџментот и општиот персонал за аспектите и принципите на СМК ( ИСО 9001:2015) негово одржување и постојано подобрување | | | 04/2024 | 12/2025 | | 200 000,00 |
| Вкупно активности во тековната година: 1 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година: 3 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 4 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 3** | | | **05/2020** | **12/2021** | | **1. 225 000,00** |

**Резултат 4: План за спроведување –**Дефиниран систем за контрола при увоз на земјоделски производи и воспоставени принципи и постапки за **систем за анализа на ризик** (САР)

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | Финансиски (МКД) |
| 1. Носење на закон и поблиски прописи по закон за државен инспекторат за земјоделство | Државен инспекторат за земјоделство Правен сектор | МИОА | 01/2024 | 12/2024 | | 120 000,00 |
| 2. Оформување на база на податоци за анализа на ризик | Државен инспекторат за земјоделство | МИОА | 03/2024 | тековно | | 240 000, 00 |
| 3. Поврзување на државниот инспекторат за земјоделство во интегриран ИТ систем | Државен инспекторат за земјоделство | МИОА | 05/2024 | тековно | | 120 000,00 |
| Вкупно активности во тековната година: 1 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година: 2 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2 3 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 3** | | | **10/2020** | **тековно/2021** | | **480 000,00** |

**Резултат 5: План за спроведување –** Одржување  на опрема (Хардверско и софтверскозајакнување на електронскиот систем на Државниот инспекторат за земјоделство)

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултиран и** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток** (месец/година) | **Крај** (месец/година) | **човечки** | **Финансиски (МКД)** |
| 1. Изработка на VPN мрежа | ДИЗ – одделение за ИТ | | 05/2023 | 08/2023 | | 1.000.000,00 |
| 2. Набавка и инсталирање на хардвер | Надворешни соработници | | 08/2024 | 12/2024 | | 1.000.000,00 |
| 3. Изработка и инсталирање на софтвер | Надворешни соработници | | 08/2024 | 12/2024 | | 60.000,00 |
| 4. Одржување на софтверот и хардверот на годишно ниво (2023) | Надворешни соработници | | Тековно/20 24 | Тековно/2024 | | 1.000.000,00 |
| 5. Одржување на опремата | ИТ фирма Надворешни соработници | | Тековно/20 24 | Тековно/2024 | | 200 000,00 |
| 6. Обука на инспектори и стручна служба за користење на опремата | Надворешни соработници | | Тековно/20 24 | Тековно/2024 | | 60 000,00 |
| Вкупно активности во тековната година: 0 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година: 5 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 0 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 5** | | | **08/2024** | **12/2024** | | **3.320.000,00** |

**Резултат 6: План на спроведување – Техичко опремување (стоки и услуги)**

| Активност | Одговорни | Консултиран и | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | Финансиски (МКД) |
| 1. Патување во земјата – патни расходи (патарини и сл)<br>2. Комунални услуги<br>3. Комуникациски услуги<br>4. Транспортни услуги (горива, масла, регистрација и сервисирање на моторни возила)<br>5. Административни материјали (канцелариски материјал)<br>6. Услуги за копирање, печатење и издавање<br>**7.** Договорни услуги | Државен инспекторат за земјоделство | ДИЗ | Тековно | Тековно | | 5. 000. 000,00 |
| 1. Набавка на возила<br>5 возила во 2024<br>5 возила во 2025 | Државен инспекторат за земјоделство | | 03/2024<br>03/2025 | 12/2024<br>03/2025 | | 7.500.000,00<br>7.500.000,00 |
| 1. Набавка на лаптопи<br>15 персонални компјутери/лаптопи во 2023<br>15 персонални компјутери/лаптопи во 2024<br>15 персонални компјутери/лаптопи во 2025 | Државен инспекторат за земјоделство | | 06/2023<br>01/2024<br>01/2025 | 12/2023<br>12/2024<br>12/2025 | | 725 000,00<br>725 000,00<br>725 000,00 |
| Вкупно активности во тековната година: 1 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година: 1 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 1 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 3** | | | **01/2020** | **12/2022** | | **22175 000,00** |

**Резултат 7:**

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток** (месец/година) | **Крај** (месец/година) | **човечки** | **Финансиски (МКД)** |
| **1.** Набавка на техничка опрема | Државен инспекторат за земјоделство | | 5/2023 | 12/2023 | | 840. 000,00 |
| **2.** Набавка на канцелариска опрема (работни бироа, столици) | | | 10/2024<br>10/2025 | 01/2024<br>05/2025 | | 120 000,00 |
| **3.** Набавка на лабораториска опрема (стерео микроскоп, микроскоп, лабораториски маси и столици, сита, пломби за мостри, сонди за змање на пробилабораториски садови и др.) | | | 03/2024 | 06/2024 | | 120 000,00 |
| Вкупно активности во тековната година: 1 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година: 2 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 3: 3 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 7** | | | **10/2023** | **10/2024** | | **1.080 000,00** |

# Следење, оценување и известување заспроведување на стратешкиот план и Годишниот план за работа

Стратешкиот план и Годишниот план за работа претставуваат документи кои треба да се користат присекојдневната работа во Инспекторатот.

Следење,оценување и известување се активности кои ќе бидат спроведени во соработка и координацијана Секторот за стручна поддршка/Одделение за стратешко планирање и Одделенијата за финансиски прашања,за управување со човечки ресурси, за внатрешна ревизија

Континуирано следење претставува начин вработените кои го спроведуваат планот, но и раководството и директорот да имаат постојан увид во напредокот на спроведувањето на планот и остварувањето на целите и активностите по Програмите утврдени во Стратешкиот план 2023 - 2025година.

Исто така може навремено да се реагира доколку се јават помали проблеми при спроведувањето коиможат да се решат или пак покрупни проблеми кои ќе предизвикаат промена или прилагодување на стратешкиот план и Годишниот план за работа.

Редовни периодични извештаи од следењето ќе се подготвуваат на квартална основа. Од страна на лицаодговорни за спроведување на конкретна програма, односно потпрограма.

Заради обезбедување наконтинуирано следење на стратешкиот план и годишниот план за работа, периодичните извештаи ќе седоставуваат до организационата единица/работна група задолжена за стратешко планирање, креирањеполитики и следење.

При годишното ажурирање на планот ќе се земат предвид сите меѓу-извештаи за сите програми предвидени во стратешкиот план и ќе бидат појдовна основа за планирање на наредниот три-годишен стратешки план кој треба да биде целосно усогласен со приоритетите на Владата содржани во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата.

# Влијанија врз човечките ресурси

ЗајакнувањенаинституционалнитекапацитетинаДИЗ

**Резименапотребаодновивработувања**

Државниот инспекторат за земјоделство има доставено Годишен план за вработување за 2023 година до Министерство за финансии за вкупно 3 нови вработувања, 12 унапредување и 6 пензионирање, за кои Министертво за финансии на Годишниот план за вработување за 2023 година има дадено позитивен согласност. Вработувањата и унапредувањета ке се реализират во тековната година 2023 година од страна на Државниот инспекторат за земјоделство.

# Принципи на соодветна и правична застапеност

**Очекувановлијание во 2023,2024 и 2025 година**

Постапката за вработување ќе се спроведе со Годишниот план за вработување и Балансерот со сите можни распределби на новвработени лица на соодветна застапеност на заедниците кои не се мнозинство во РСМ.

# Принцип на еднакви можности на жените и мажите

**Очекувановлијание во 2022**

Согаласно Законот за еднаквиможности на жените и мажите сеуредуваат прашања од интерес заеднаквите можности на жените имажите од областа наздравствената заштита издравственото осигурување,работните односи ивработувањето, образованието истручното усовршување и др.

Цел на овој закон е воспоставувањеи спроведување на принципот наеднакви можности на жените имажите во политичката,економската, социјалната,образовната, културната,здравствената, граѓанската и било која друга област од општсвениотживот. Вработените од Инспекторатот ќе спроведат обуката за родова еднаквост почетен и напреден степен.

При подготовката, усвојувањето и спроведувањето на програмите за професионална обука навработените во Инспекторатот, а согласно Законот за еднаквиможности меѓу мажите и жените, потребно е во континуитет да сеобезбедуваат механизми за отстранување на предрасудите и стереотипите а во врска совоспоставување на еднаквите можности. Потребно е да севрши редовна анализа на содржините на програмите за обуки од аспект на унапредувањена еднаквите можности на жените и мажите .

# Развивање на заедничките функции

**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за земјоделство**

Заедничките функции на Државниот инспекторат за земјоделство ( Развивање политики и стратешко планирање, Подготвување и извршување на буџетот и управување со средствата, Управување со човечки ресурси, Управување со ИТ, Координирање со странска помош, Односи со јавноста и Внатрешна ревизија) се очекува да бидат до-оформени во текот на 2023 година, со извршувањето на Функционалната анализа ивработувањетона нови лица во Инспекторатот кои ќе бидат обучени за спров едување на овие функции.

Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија

Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18(Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија

+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk